ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 3 ДАТА 01.02.2019 ГОДИНА 37

МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 3 ДАТА 01.02.2019 г.

СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД ОДБОРОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

Седница од 01.02.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ШКУПИ„ Скопје: Блерим Амети и Бектеши Ридван, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ЛИПКОВО

Седница од 30.01.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „КАРАДАКУ„ Липково: Амир Ахмети од КМФ „Илирет Куманово„ од Куманово, по член 35/4.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

Дополнување на документација од
Седница од 22.01.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Николај В. Дулгеров од ФК „Царско Село„ од Република Бугарија, Барбоса Де Соуза А. Јуниор од ФК „Тролатан„ од Шведска, Консисао Карбал Јакинто Јуниор од ФК „Флоријана„ од Малта и Вијачки Емил Руменов од ФК „Локомотив„ од Софија од Репубклика Бугарија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Дулгеров Николај склучија договор за вработување на фудбалер за професионано занимавањье со фудбал во времетраење од 6 (шест) месеци, до Летен преодрн рок 2019 година.

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Барбоса Де Соуза А. Јуниор склуччија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 година и 6 месеци, до Летен преоден рок 2020 година.

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалрот Консисао Карбал Јакинто Јуниор склучија договор за вработување на фудбалер за професиионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 година и 6 месеци до Летен преоден рок 2020 година.

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Вијачки Емил Руменов склучија договор за прфесионално занимавање со фудбал во времегтраење од 1 година до Зимски преоден рок 2020 година.

Седница одржана на ден
30.01.2019 година

❖ **Склучување на Анекс на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Колевски Б. Бојан склучија Анекс на договорот за вработување на фудбал за професионално занимавање со фудбал

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

Седница од 31.01.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТУДЕНА ВОДА„ с. Доброшане: Јовановски Андреј од СД „Партизан„ Песница од Република Словенија, по член 35/11.

ФК „БАШКИМИ 1947„ Куманово: Љимани Шабан и Мурези Аљтин од ФК „Милано 2010„ од Куманово, по член 35/3.

КМФ „БИЏО„ Куманово: Ќерими Валмир од КМФ „Илирет„ од Куманово, по чл. 35/4.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Куманово фудбалерите: Алиу Биљаљ од ФК „Гоблен Јониор„ од Куманово, Ахмети Амир од КМФ „Илирет„ од Куманово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Рамадани Лиридон од ФК „Зајази„ од с. Зајаз – Кичево за ФК „Гоблен Јониор„ од Куманово, по член 35/3, бидејќи нема доставено исписница од клубот од кој доаѓа.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

Седница одржана на ден 31.01.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПРОФЕСИОНАЛ„ Скопје: Николовски А. Максим по член 35/1.

Јовановски И. Петар од ФК „Спорт Ефе Вардар„ од Скопје, по чл. 35/2.

❖ **Тековни прашања:**

Комисијата за верификација на договори и регистрации на Фудблската Федерација на Македонија ја прими одлуката од Одборот за итност на ФФМ број 0202-260/3 од 30.01.2019 година на занаење и одлучи на фудбалските клубови „ФК „Шкендија АД„ Тетово и ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје да им испрати известувања со точен износ на обештетување да платат на ФК „Вардар АД„ од Скопје за да можаат регистрациите на фудбалрите Јакуп Бериша и Бесар Исени да се верификуваат.

Одбор за итност

0202-260/3
30. 01. 19

Врз основа на член 110 став 3 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на ФФМ во состав: Муамед Сејдини - претседавач, Димитар Џонов -член и Добре Иванов - член, на седницата одржана на 30.01.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се одбива барањето бр.0302-251/1 од 29.01.2019 година поднесено од ФК Шкендија АД Тетово со кое ФК Шкендија АД Тетово бара регистрација на фудбалерот Јакуп Бериша по член 35/7 без уплата на средства по основ надомест за премин по прописи на ФФМ.
2. Одлуката стапува на сила веднаш, а ќе се даде на потврдување на наредната седница на Управниот одбор.
3. Одлуката да се достави до ФК Шкендија АД Тетово и Комисијата за верификација на договори и регистрација на ФФМ.
4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „ Макфудбал"

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одборот за итност на ФФМ на седницата одржана во 30.01.2019 година, го разгледа барањето бр. 0302-251/1 од 29.01.2019 година поднесено од ФК Шкендија АД Тетово со кое ФК Шкендија АД Тетово бара регистрација на фудбалерот Јакуп Бериша по член 35/7 без уплата на средства по основ надомест за премин по прописи на ФФМ.

По разгледување на барањето, Одборот за итност го утврди следното:

По барање на ФК Шкендија АД Тетово Комисијата за верификација на договори и регистрација на ФФМ одржала вонредна седница на 28.01.2019 година.

На седницата била разгледана и документацијата за регистрација на фудбалерот Јакуп Бериша по член 35/7 од Правилникот за регистација статус и трансфер на фудбалери на ФФМ. Комисијата констатирала дека ФК Шкендија АД Тетово поднела уредна но нецелосна документација за регистрација на фудбалерот Јакуп Бериша бидејќи, согласно Одлуката на Управниот одбор бр.02-577/1-4 од 26.04.2013 година, во прилог на документацијата не доставила потврда за уплатени средства на име надомест за премин за периодот во кој фудбалерот бил аматер во клубот и истиот му претходел на склучувањето на сега веќе раскинатиот Договор за професионално бавење со фудбал на штета на клубот. Комисијата го упатила барателот да ја изврши уплатата во корист на претходниот клуб ФК Вардар АД Скопје со цел доставената документација

да биде уредна и целосна за да може да ја верификува регистрацијата на фудбалерот за барателот.

Барателот незадоволен од ваквото упатување на Комисијата поднел барање до надлежно тело на ФФМ, со цел верификување на регистрацијата на фудбалерот Јакуп Бериша по член 35/7 без уплата на средства по основ надомест за премин по прописи на ФФМ.

Барателот го темели барањето на добиени информации за наводна пракса на Комисијата за верификација на договори и регистрација на ФФМ во три случаи кои датираат во периодот од 2008 до 2014 година. Барателот исто така укажува дека во Правилникот за регистација статус и трансфер на фудбалери не е предвидено и прецизирано плаќање на надомест за обештетување (надомест за премин) за регистрација на фудбалер доколку професионалниот договор помеѓу фудбалерот и претходниот клуб е раскинат на штета на клубот како и дека истото не е уредено ниту во еден друг акт. Од овие причини барателот смета дека укажувањето на Комисијата која треба да ја верификува регистрацијата на фудбалерот е без правен основ.

Одборот за итност по разгледување на наводите во барањето и утврдување на фактичката состојба констатира дека на 26.04.2013 година Управниот одбор на ФФМ донел одлука бр.02-577/1-4 со која во т.1, го утврдил правото на клубовите за надоместок за премин на фудбалери со аматерски статус, и ја определил висината на надоместокот. Во т.3 од истата одлука го утврдил правото на клубот за надоместок за премин на фудбалери со професионален статус и склучени професионални договори во случај на предвремен раскин на договор на штета на фудбалер. Во т.4 утврдени се износи за премин на фудбалери од клуб во клуб кои спогодбено го раскинале договорот со назнака дека истите изнесуваат половина од износите наведени во соодветните табели под точка 2 и 3 од оваа одлука. Во т.5 утврдено е, во случај професионалниот договор да се раскине како последица на губење на прволигашкиот статус на клубот правото за надоместок за премин ќе се регулира согласно т.4 од оваа одлука освен кога договорот истекува во тековниот летен преоден рок.

Одборот за итност исто така констатира дека на 12.07.2013 година донел одлука со бр. 02-974/5, објавена во Макфудбал бр.29 од 22.07.2013 година. Во точка 1 на одлуката, утврдено е правото на клубовите за кои со одлука на Управен одбор е утврден надоместок за премин на фудбалери, да побаруваат надоместок за премин за фудбалерите од предметната категорија за последните четири години поминати во клубот во континуитет. Во т.2 утврдено е дека промената на статусот на фудбалерот во клубот за време на периодот, за кој клубот бара надоместок за премин, влијае на висината на побарувањето согласно одлуката на УО бр.02-577/1-4 од 26.04.2013.

Согласно наведеното, Одборот за итност утврди дека со Одлуката на УО бр. 02-577/1-4 од 26.04.2013 утврдено е правото и висината на надоместокот за премин за фудбалери со аматерски статус и уреден е начин на стекнување на право за надоместок за премин за фудбалери со професионален статус во посебно утврдени случаи. Со оваа одлука не е утврдено клубовите да имаат право да го бараат надоместокот, за периодот додека траел професионалниот договор во случај договорот да истекол или истиот е раскинат на штета на клуб.

Во одлуката од 12.07.2013 година со бр. 02-974/5 , утврдено е правото на клубовите да бараат надоместок за премин за последните четири години поминати во клубот во континуитет како и дека промената на статусот на фудбалерот во клубот, за време на периодот за кој клубот бара надоместок за премин влијае на висината на побарувањето.

Од наведеното Одборот за итност утврди дека Комисијата за верификација на договори и регистрација на ФФМ на седницата одржана на 28.01.2019 година исправно го упатила барателот да уплати надоместок за премин за фудбалерот Јакуп Бериша , за периодот за последните четири години во кои фудбалерот бил аматер во клубот по што донесе одлука како во диспозитивот.

Потпретседател на
УО на ФФМ

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-260/3

МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**